РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-615/1
02-02-2026 г./v.

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) и членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 27-та седница одржана на ден 23.01.2026 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-2361/1 од 04.09.2024 година, СЕ ОТФРЛА поради тоа што за наводите од пријавата е надлежен друг државен орган од кого веќе е побарано надлежно постапување од страна на пријавителот.

Предметот со број 12-2361/1 од 04.09.2024 година како завршен да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија за спречување на корупцијата, во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија од страна на непознат подносител е поднесена пријава со број 12-2361/1 од 04.09.2024 година, против службеното лице ----- – раководител на Подружница --------- на ЈП „------" – Скопје. Во пријавата се наведува дека по објавен оглас за вработување од страна на ЈП „-------" - Скопје, било вработено лицето ------- во Подружница „---"------, која не се појавила на работното место четири работни дена во кој период била надвор од државата, но и покрај тоа се водела како да е на работа за што и била пресметана и исплатена плата. Пријавителот смета дека со тоа што не преземале мерки за престанок на работниот однос на посоченото лице, раководителот на Подружница --- ------ во договор со раководителиот на Подружница --- ------- ја злоупотребиле својата службена положба. Пријавителот во пријавата има наведено дека за случајот е пријавено во трудовиот инспекторат.

Државната комисија, по увид во пријавата, констатира дека пријавителот веќе го известил Државниот инспекторат за труд како надлежен орган за вршење инспекциски надзор кај работодавците за начинот на примена на законите и другите прописи од областа на работното законодавство, колективните договори и договорите за работа, и дека нема основ за надлежно постапување согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Поради тоа Државната комисија одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател,
Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: С.С.М., Член на ДКСК